**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-657/9**
**Скопје, 24.12.2008 година**

**До**
**ФОНДОТ ЗА ВОДИТЕ - СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за водите - Скопје, за 2007 година, кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Фондот за водите - Скопје за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Шериф Кадриовски - директор на Фондот

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 01.09 -10.10.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

**10.1. Систем на интерни контроли во Процесот на доделување и исплата на средства за заштита на водите, реките и езерата**

10.1.1. При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на доделување и исплата на средства за заштита на водите, реките и езерата со средствата на Фондот за водите, ревизијата констатира дека Фондот за водите има воспоставено контроли и истите добро функционираат, согласно Правилникот за утврдување на критериуми и поблиски услови за насочување и доделување на средства. Исплатата на финансиски средства на корисниците во 2007 година е во согласност со Договорите за доделување на финансиски средства и извршената контрола на изведените работи, што укажува на наменско трошење на финансиските средства од страна на Фондот.

Врз основа на продолжената ревизија кај корисниците на финансиски средства, ревизијата констатира дека проектите за кои Фондот за водите има доделено финансиски средства се финансирани и од други институции. За таквите проекти кои се финансираат од повеќе институции Фондот за водите не добива целосни информации од корисниците и нема утврдено дополнителни критериуми и поблиски услови при доделување на финансиски средства. Доставените докази од страна на корисниците, како услов за исплата на средствата, не содржат податоци за исплатите од страна на сите финансиери. Договорите за доделување на финансиски средства, во членот за начинот на исплата на финансиски средства, не го предвидвидуваат истиот услов, при што ваквите договори не обезбедуваат правна заштита на Фондот за водите и *ризик* од ненаменско и незаконско користење на средствата од страна на корисниците.

**Препорака:** Ревизијата предлага Управниот одбор на Фондот за водите да донесе одлука за дополнување на член 8 од Правилник за утврдување на критериуми и поблиски услови за насочување и доделување на средства, со прецизирање на условот во доставените докази – ситуации да бидат содржани исплатите и од другите финансиери.

Директорот на Фондот за водите при склучувањето на Договорите за доделување на финансиски средства, во членот за начинот на исплата на финансиски средства на корисниците, да предвиди исплатата на средствата да се врши врз основа на доставени докази – ситуации кои содржат и податоци за исплатите од страна на сите финансиери.

При вршењето на теренскиот увид за изведедени работи да се земат впредвид претходно финансираните фази од сите финансиери и прецизираат во документот за контрола на изведените работи - службената белешка.

***10.2. Неправилна примена на акти:***

10.2.1. Програмата за унапредување на водостопанството не е усвоена од страна на Владата на Република Македонија, што е спротивно на член 122 став 3 од Законот за водите, поради не добиено писмено мислење по упатените забелешки од Владата за измената на програмата од страна на надлежните институции (Министерство за Финансии, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за животна средина и просторно планирање и Секретаријатот за законодавство). Истото има влијание на можноста за увид од страна на Владата на Република Македонија за средствата остварени од изворите определени со Законот за води и целосна слика за распределба на истите за заштита на водите на ниво на држава.

*Во 2008 година Програмата за унапредување на водостопанството е доставена до Влада на Република Македонија и е добиена согласност на истата.*

11. Според наше мислење финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно според сите значајни аспекти финансиската состојба на Фондот за водите - Скопје под 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење кај Фондот за водите - Скопје е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

13. ***Известување за преземени мерки од страна на Фондот за водите по основ на препораките на ревизијата по Конечниот извештај за 2006 година и тоа:***

13.1. Фондот за водите има постапено по препораките од точките 10.3. и 10.3.1.1. од Конечниот извештај за 2006 година, при што склучувањето на договори за доделување на финансиски средства со корисниците се врши во согласност со предвидените извори на средства и донесените одлуки за користење на финансиски средства, а пренесените обврски во однос на склучени договори од претходните години се опфатени во Програмата за унапредување на водостопанството и Финансискиот план за тековната година, што е во согласност со одредбите од Законот за водите.
Исто така направен е напредок во прибирањето на приходите од надоместокот за води така да субјектот има увид во целовитоста на приходите по овој основ и превзема мерки за навремена наплата на истите.

14. **Обелоденување**

**Судски спорови чие решавање зависи од идни настани кои можат да влијаат врз финансиските извештаи**

- Судски спорови во вкупен износ од 231.815 илјади денари, во кои Фондот за водите се јавува во својство на тужител за ненаплатени побарувања и истото ќе има влијание на финансиските извештаи.

- Судски спорови во вкупен износ од 259 илјади денари во кои Фондот за водите се јавува во својство на тужен и истото ќе има влијание на финансиските извештаи.

- Со донесување на Законот за водите („Сл.весник на РМ„ бр.87/08) со 01.01.2010 година Фондот за води престанува да постои, а средствата, опремата, вработените како и правата и обврските ги превзема органот на државна управа надлежен за вршење на работите од обласга на животната средина. Поради ваквата состојба Фондот за води и надлежниот орган потребно е да ги превземат сите потребни активности за имплементација на наведената законска одредба.

**Скопје, 24.12.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## ФОНД ЗА ВОДИТЕ-Скопје
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
| --- | --- | --- |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 237,150 | 104,031 |
| Трансфери и донации | 1,243 | 575 |
| **Вкупно приходи** | **238,393** | **104,606** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надомести | 6,371 | 5,457 |
| Стоки и услуги | 176,022 | 94,982 |
| Субвенции и трансфери | 244 | 193 |
| **Вкупно тековни расходи** | **182,637** | **100,632** |
| **Капитални расходи** | **531** | **2,730** |
| **Вкупно расходи** | **183,168** | **103,362** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | **55,225** | **1,244** |

## ФОНД ЗА ВОДИТЕ-Скопје
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 55,225 | 1,244 |
| Побарувања | 297,484 | 267,265 |
| Активни временски разграничувања | 105,376 | 97,000 |
| **Вкупно тековни средства** | **458,085** | **365,509** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | |
| Капитални (материјални) средства | 3,328 | 3,569 |
| **Вкупно капитални средства** | **3,328** | **3,569** |
| **Вкупна актива** | **461,413** | **369,078** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 105,369 | 96,996 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 7 | 5 |
| Пасивни временски разграничувања | 352,709 | 268,508 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **458,085** | **365,509** |
| **Извори на капитални средства** | | |
| Извори на капитални средства | 3,328 | 3,569 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **3,328** | **3,569** |
| **Вкупна пасива** | **461,413** | **369,078** |

**ФОНД ЗА ВОДИТЕ - Скопје**
**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **3,569** | **-** | **3,569** |
| **Зголемување по основ на:** | **530** | **-** | **530** |
| Набавки | 530 | - | 530 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| **Намалување по основ на:** | **771** | **-** | **771** |
| Отпис на капитални средства | - | - | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | - |
| Амортизација | 642 | | 642 |
| Расходување | - | - | - |
| Преотстапени материјални средства | 129 | - | 129 |
| Пренос од материјални средства на вонбилансна евиденција | - | | - |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **3,328** | **-** | **3,328** |